**Влада на Република Северна Македонија**

Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

# Д Е Л О В Н И К
## за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

Скопје, јули 2019 година

Врз основа на член 2 став (2) од Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор („Службен весник на РМ“ бр.98/16 и 164/17 и „Службен весник на РСМ“ бр.97/19), Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, на седницата одржана на 4 јули 2019 година, донесе

# Д Е Л О В Н И К
## за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

Член 1

Во Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (бр.37-388/1 од 14.5.2018 година), во целиот текст зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Член 2

Во член 16 став (1) зборовите „неоправдано отсуство од седниците на Советот подолго од шест месеци или две последователни седници“ се заменуваат со зборовите „отсуство од три седници на Советот во текот на една година“.

Член 3

По членот 30, се додава нова глава III-а. „ПОСТАПКА ЗА НОМИНИРАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ГРЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО СОВЕТОДАВНИ И РАБОТНИ ТЕЛА“ и нов член 30-а, кој гласи:

„Член 30-а

(1) Во случај кога Владата, орган на државната управа или граѓанска организација достави до Советот барање за номинирање на еден или повеќе претставници на граѓанскиот сектор во работни групи за изработка на јавните политики, комисии, комитети, советодавни тела и други форми на учество (во натамошниот текст: советодавни и работни тела), рокот за кандидирање и избор по правило не може да биде пократок од 15 дена.

(2) Генералниот секретаријат на Владата – организациона единица за соработка со граѓанскиот сектор барањето за номинирање претставници на граѓанскиот сектор во советодавни и работни тела го доставува до членовите на Советот со наведување на рокот во кој Советот треба да ја достави номинацијата и го објавува на веб страницата на Советот во вид на јавен повик, заедно со образец на пријава на кандидатите.

(3) Членовите на Советот ги информираат и консултираат организациите во областа што ја претставуваат, за да се пријават на јавниот повик.

(4) По истекот на рокот за пријавување на јавниот повик, Генералниот секретаријат на Владата – организациона единица за соработка со граѓанскиот сектор пријавите на организациите со кандидати за членови на советодавни и работни тела ги доставува по електронски пат до членовите на Советот, заедно со

гласачко ливче, во кое се наведува името на кандидатите, организацијата што ги предлага и рокот за гласање.

(5) Доколку роковите за номинирање на претставници на граѓанскиот сектор во советодавни и работни тела тоа го дозволуваат, гласањето се врши на првата наредна седница на Советот.

(6) Гласањето по електронски пат се смета за важечко доколку гласале повеќе од половина од членовите на Советот. За избран се смета кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови, при што треба да има мнозинство гласови од вкупниот број членови од редот на организациите. Изборот на кандидатите се потврдува со заклучок, согласно член 24 став 5, на првата наредна седница на Советот.

(7) Генералниот секретаријат на Владата – организациона единица за соработка со граѓанскиот сектор, врз основа на регистрираните (електронски) гласови, ги известува членовите на Советот за резултатите од гласањето и подготвува и доставува писмено известување до подносителот на барањето со податоци за номинираните претставници на граѓанскиот сектор. Известувањето се објавува и на веб страницата на Советот.“.

Член 4

Овој деловник влегува во сила со денот на донесувањето.

| | |
|---|---|
| Бр.38- 22/1 | Претседателка на Советот |
| 4.7.2019 година | за соработка со и развој на граѓанскиот сектор |
| С к о п ј е | Фани Каранфилова Пановска |